Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 104, 17 јуни 2013 година

јуни 2013 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за збор на еден наставник во звање насловен доцент за наставно-научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научна област - економика и организација на туризмот на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип........ 28

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно - стручно звање лектор за научната област романистика - шпански јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за научната област методика и образование на наставници на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 45

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно – научната област применета кинезиологија (спорт, физичко воспитување, рекреација и кинезитерапија) на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 66

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звањаод наставно-научната област машински елементи и технички системи и производно машинство, технологии и системи на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 95

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање насловен доцент во наставно-научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 102

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање вонреден професор за наставно - научната област текстилни и технички влакна и композитни материјали на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 111

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област прехранбено инженерство на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 119

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудот „Документациона основа за безбедно управување со квалитетот во национална лабораторија за лекови”, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....125

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основните обележја на музичката меморија и нејзиното значење во едукацијата по пијано” од авторите проф. м-р Емилија Потевска и м-р Анита Накова и од Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....129

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Инженерство на материјали“ од проф. д-р Винета Сребренкоска и проф. д-р Емилија Фиданчевска, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....131

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот меѓународно јавно право“ од д-р Дејан Маролов, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....133

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот меѓународно јавно право“ од д-р Дејан Маролов, асистент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип....135

**РЕЦЕНЗИЈА** на насловот „Меѓународни организации и интеграции“ на авторот Митко Кочовски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ....137

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ....139

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## РЕФЕР АТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТУРИЗМОТ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2602-394/7 од 18.5.2013 година донесена на 94. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *економика и организација на туризмот* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниcite „Дневник" и „Лајм" од 30.4.2013 година и во предвидениот рок се пријавија кандидатот д-р Нако Ташков и кандидатката д-р Весна Танчева.

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 124 и 125 од Законот за високото образование и чл. 7, 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Рецензентската комисија врз основа на приложената документација, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Д-р Весна Танчева е родена 21 февруари 1974 година во Прилеп, со живеалиште во с. Мокрино 134 – Струмичко. Пријавената кандидатка е доктор на економски науки. Претходното нејзино образование е магистер на науки од областа на туризмот и угостителството, а додипломските студии има завршено на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид и филолошките науки, односно кандидатката е дипломиран професор по англиски јазик. Согласно со условите наведени во распишаниот Конкурс, кандидатката д-р Весна Танчева има доставено список на објавени трудови, но нема доставено по еден примерок од наведените трудови за да може истите да се евалуираат и бодуваат, како и да се утврди нивната веродостојност. Кандидатката во списокот на трудови има наведено учества, но нема доставено потврди и сертификати за учества на научни конференции симпозиуми или семинари, кои би можеле да се бодуваат за избор во звање. Рецензентската комисија смета дека кандидатката не ги исполнува условите од чл. 9 на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип (објавен во „Универзитетски гласник" бр. 26 од 2.1.2013 г.), бидејќи нема доставено доказ за најмалку една рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избира од соодветната научна област и практикум со вежби од истиот предмет.

***Биографски податоци***

Д-р Нако Ташков е роден на 30 јануари 1952 година во с. Брусник, Неготино. Средното угостителско училиште и виша угостителско-туристичка школа завршува во Охрид и се стекнува со звање економист по угостителство. Дипломира на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола и се стекнува со звање дипломиран економист по туризам и угостителство. Ташков своето образование го продолжува на постдипломските студии на истоимениот Факултет за туризам и угостителство во Охрид, каде што во 2002 година го брани својот магистерски труд „Туристички вредности на бањите во Република Македонија" и се стекнува со звање магистер на науки од областа на туризмот и угостителството. Во 2008 година, ја одбранува својата докторска дисертација под наслов „Економската евроинтеграција на земјите од

Централна и Југоисточна Европа" на Меѓународната отворена академија во Киев, Република Украина.

Ташков има богато работно искуство, кое започнува во ЗИК „Црвена ѕвезда“ а непрекинато од 1977 до 2002 година, во МК „Астибо " - ООЗТ „Стандард" како раководител на кујна и директор на истата организација. Во меѓувреме од 1979 па сè до 1994 година работи како хонорарен наставник во СОУ „М. М. Брицо" во Делчево со дисперзирани паралелки во Македонска Каменица на угостителската насока и ги предава стручните предмети од областа на угостителството и туризмот. Во истиот временски период учествува на повеќе сојузни и републички натпревари во областа на гастрономијата и послужувањето каде што има освоено повеќе од 30 медали. Како иницијатор за отворање на угостителска паралелка во СОУ „Коле Нехтенин" од 2002 до 2008 година работи во истото училиште каде што учествува на републички угостителски натпревари и има освоено пет медали. Во учебната 2007/2008 година хонорарно е ангажиран на Високата медицинска школа при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, по предметот Исхрана и диететика.

Од 2008 година па сè до денес, д-р Нако Ташков работи како доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, а истовремено ја извршува и функцијата декан на Факултетот. Во учебната 2009 година со студенти учествува на републички угостителски туристички натпревари во Охрид и освојува пет медали.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот зема активно учество во наставно-образовна дејност преку:

– подготвување на интерни и рецензирани скрипти за предавања;
– изработка на презентации за предавањата;
– подготвување на интерни и рецензирани практикуми за вежби;
– одржување на предавања на прв циклус на студии по следните предмети: Хотелиерство (3), Термален туризам (2), Економика на туризмот (3), Економика на угостителството (2), Менаџмент на производство на храна (3), Исхрана и диететика (2), Технологија на послужување и готварство (3), Основи на вештина во готвењето (3), Производствен процес во угостителство (1), Техника на послужување 1 (2), Пракса во хотелско-угостителски објекти 1 (2), Интернационална гастрономија (3);
– одржување на предавања на втор циклус студии по следните предмети: Менаџмент во хотелиерството, Туристичко посредување, Современо хотелиерство, Планирање на рурален туризам, Производствен процес во угостителството, Бизнис системи во туризмот и угостителството;
– организирање на теренска настава и посета на објекти кои се во интерес на студентите;
– организирање и следење на практичната настава на студентите во земјата и странство (Грција, Германија и Шпанија);
– ментор на дипломски трудови;
– ментор на магистерски трудови;
– рецензент на наставници и соработници 19;
– сертификати од обуки 3 (Кујна и исхрана 2.1 и 2.2, Туризам и маркетинг 5.1);
– член на комисија за одбрана на докторски трудови 3.

Во научноистражувачката дејност се афирмира преку учество и презентација на стручни трудови на конгреси, конференции, симпозиуми, семинари и отворени трибини во земјава и во странство. Исто така, учествува во неколку научни проекти и остварува студиски престој во странство за кои има добиено сертификати:

– Студиски престој во Малта, поврзан со „Рурален туризам" на Институтот за истражувања во туризмот, во склоп на ТЕМПУС IV проект – „Користење на локалните ресурси – одржлив агробизнис и туризам во земјите од јужен Балкан", 2011 г.
– Проект „Тур-ретур“
– Обуки за „Одржлив туризам" на Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, во склоп на ТЕМПУС IV проект – „Користење на локалните ресурси – одржлив агробизнис и туризам во земјите од јужен Балкан", 2010 г.

- Изработка на проекти за погранична соработка по иницијатива – „Патеката на железната завеса”, помеѓу Република Македонија и Република Бугарија во Благоевград, 2010 г.
- Проект за „Регионален маркетинг на Источниот регион” во Штип, организиран од ГТЗ и Источниот регион, 2010 г.

***Кратка евалуација на научни и стручни трудови, публикувани книги, скрипти и практикум***

***Научни и стручни трудови***

1. Metodijeski, Dejan and **Taskov, Nako** and Dzaleva, Tatjana and Filiposki, Oliver and Temelkov, Zoran (2013) Промоција на туристичките дестинации во нашата земја преку кампањата Истражи ја Македонија. 1st International Conference on Cultural Heritage, Media and Tourism, Ohrid.

*Во трудот се дадени општите карактеристики на кампањата „Истражи ја Македониј“а и моменталната состојба на снимени видеа за промоција на туристичките дестинации, места и региони во нашата земја. Трудот завршува со коментари, предлози и препораки за перспективите на промотивната кампањата која придонесува за развој на туризмот и популаризација на патувањата на домашните туристи.*

2. Metodijeski, Dejan and **Taskov, Nako and Dzaleva, Tatjana and Filiposki, Oliver and Temelkov, Zoran (2012) Mogućnosti razvoja termalnog turizma u Republici Makedoniji. IV Kongres banja sa međunarodnim učešćem.**

*Предмет на овој труд е термалниот туризам во Република Македонија. Во трудот авторите го дефинираат термален туризам и ги класифицираат термалните бањи по региони, квалитет на водата, природни и антропогени ресурси, болестите кои ги третираат итн.*

3. **Taskov, Nako** and Metodijeski, Dejan (2012) Thermal spa Kezovica, opportunities for tourism development. II Balkan Spa Summit, Cesme, Turkey.

*Во овој труд се обработуваат туристичките вредности на бањата Кежовица и можностите за нејзин развој преку туризмот. Во првиот дел од трудот се дадени општите информации поврзани со бањата, како местоположбата, историскиот развој и моменталната состојба и капацитети. Во вториот дел се обработуваат природните и антропогените ресурси за развој на туризмот. Третиот дел е посветен на карактеристиките на водата и лековитите можности на бањата. Во последниот дел се опфатени заклучокот и препораките за идниот развој на Кежовица.*

4. Tondeva Pavlovska, Magdalena and **Taskov, Nako** (2012) Global trends of the foreign direct investments- before and after the last financial crisis. Conference Proceedings-First International Conference on Business, Economics and Finance 2012.

*Целта на истражувањето е врз основа на анализа на статистичките податоци за тековите и акциите на странските директни инвестиции во светот да се детектираат трендовите во однос на нивниот раст, географска дистрибуција, како и трендовите во однос на нивните компоненти и форми. Понатаму, целта на истражувањето е да се идентификува како последната економска и финансиска криза влијаеше врз трендовите на странските директни инвестиции. Нашето очекување е дека последната криза влијаела врз трендовите на странските директни инвестиции и тоа не само врз нивниот раст и географските модели, туку исто така и врз нивните компоненти и форми. Анализата на резултатите од статистичките податоци покажува дека тренд на раст пред кризата беше присутен во развиените, во развој и економиите во транзиција, но приливите и одливите беа концентрирани во неколку земји. Всушност, развиените земји имаат доминација во овој поглед. Сепак, последната криза ја зголеми важноста на земјите во развој и како извори и како дестинации на странските директни инвестиции.*

5. **Taskov, Nako** and Andonovikj, Vladan and Metodijeski, Dejan and Lazarevski, Ilija (2012) Предлог-решение за имплементирање на информациско-управувачки систем во Општина Дојран. Туризмот во Дојранскиот регион, Dojran.

*Предмет на овој труд се информационите системи и нивната улога во развојот на туризмот со посебен осврт на можностите за имплементација на информациско-управувачки систем за Општина Дојран. Во првиот дел од трудот се разгледани карактеристиките на информационите системи и нивната синергија со туризмот. Во вториот дел се опфаќаат и објаснуваат потенцијалите кои ги нудат информационите системи. Во заклучокот се наведени придобивките од имплементацијата на ваков систем за Општина Дојран.*

6. Dzaleva, Tatjana and Taskov, Nako and Metodijeski, Dejan (2011) Strategic thinking and management elements for strategy execution positively affect on business performance. VII Majska konferencija o strategijskom menadžmentu sa međunarodnim učešćem.

*Во трудот се прави осврт на стратешкото размислување кај бизнис лидерите, кои се под притисок од заинтересираните страни да се усогласат со нивните барања и да ја одржат конкурентноста на организацијата во сè покомплексните пазари. Стратешкото размислување е важно при разгледување на сите пазари кои се релевантни за основната дејност на интерес при формирањето на целите и исполнувањето на стратегиите на организациите.*

7. Popova, Srebra and **Taskov, Nako** and Metodijeski, Dejan and Angelova, Elizabeta and Popov, Stanko (2011) Agro ecological conditions for viticulture development in Gevgelija region. Savetovanje o biotehnologiji sa međunarodnim učešćem.

*Во оваа публикација детална климатска анализа на температурата на воздухот, должината на траење на сончевиот сјај и количината на дожд е направена за Гевгелиско-валандовскиот регион за периодот 1961-1990, 1991-2000 и 2001-2009 година. Климатско-лозарски билтен е изработен за потребите на лозарството. Климатски индекс и коефициенти се пресметани за испитаната област. Само внимателен и вистински избор на лозарство и соодветна климатска анализа можат да придонесат за квалитетно лозарско производство.*

8. Filiposki, Oliver and **Taskov, Nako** and Metodijeski, Dejan and Temelkov, Zoran (2011) Комуникациски вештини-предуслов за подобри предавања. „Образованието во 21 век“ - можности и предизвици.

*Во овој труд се обработува говорничката компетентност му обезбедува на менаџерот исклучителна предност во секое комуницирање и затоа, една од неговите битни задачи претставува развивање на сопствената свест за важноста на доброто говорење и создавање на навики за културен говор кој ќе биде впечатлив и убедлив. Овој труд постепено ги обработува пишувањето и презентирањето на говор, се занимава со професионалноста на полето на ораторството, поради недоволните познавања за оваа област на студентите и менаџерите во нашата земја.*

9. **Taskov, Nako** and Filiposki, Oliver and Dzaleva, Tatjana and Metodijeski, Dejan (2011) Управление на качеството в застрахователните дружества. Международна юбилейна научна конференция: „Икономиката и управлението в XXI век – решения за стабилност и растеж”.

*Предмет на трудот се осигурителните друштва кои се соочени со современите тенденции каде што се црта новата мапа на ризици со кои треба да се справат. Поради тоа, осигурителните друштва треба долгорочно да се стабилни, навремени, точни и сигурни во извршување на своите задачи, ефективни и ефикасни со позитивни резултати за акционерите и задоволни клиенти. Сето ова е остварливо преку претходно точно одредени барања за квалитетот на услугите, примена на соодветен систем кој обезбедува успешно тековно работење на друштвата, развој на услуги насочени кон потребите на клиентите и непрекинат надзор на овие текови.*

10. **Taskov, Nako** and Dimitrov, Nikola and Metodijeski, Dejan (2011) Селски райони с развит манифестационнен туризъм в Република Македония. Възможности и проблеми за развитието на алтернативни форми на туризъм в малките селища на страната.

*Во овој текст се обработуваат руралните региони во Република Македонија во кои има развиен манифестациски туризам. Направена е класификација на манифестациите и регионите во кои се одржуваат. Даден е опис на најважните манифестации и нивното значење за развој на алтернативните форми на туризмот како руралниот туризам.*

11. Kuzelov, Aco and **Taskov, Nako** and Angelkova, Tanja and Atanasova, Elena and Mladenov, M (2011) Changes in chemical composition of Musculus quadriceps femoris of beef kept at different temperatures. Journal for the Improvement of Animal Husbandry, 27 (3). pp. 1083-1090.

*Во овој труд се содржат резултатите добиени од вакуум спакуваните парчиња месо (M.quadriceps femoris) добиени од раса Simmental. По основниот третман, парчињата месо се спакувани во вакуум атмосфера и чувани на температура од 4°C и 6°C. На вториот и петтиот ден беше направен микробиолошки тест на парчињата во однос на вкупниот број на бактерии и сензорна анализа во однос на надворешниот изглед, постојаност, боја, мирис и вкус. Беше забележано дека за време на складирањето содржина на вода во парчињата месо е значително намалена, но содржината на масти, протеини и минерални материи е зголемена. Вкупниот број на бактерии се зголеми во парчињата месо чувани на температура од 6°C. Најдобрите сензор оцени се дадени на парчињата месо кои се чувани на температура од 4°C.*

12. **Taskov, Nako** and Metodijeski, Dejan and Dzaleva, Tatjana and Filiposki, Oliver (2011) Entrepreneurship in Tourism Industry Lead to Business Benefits. The Influence of Tourism on Economic Development.

*Бизнисите поврзани со туризмот се идентификувани како основни актери за создавање работни места и генерално пораст на економијата. Во трудот се идентификуваат факторите кои влијаат во градењето на успешни примери на претприемништвото во туризмот. Посочена е претприемничката ориентација, знаењето, одлучувањето и маркетинг ориентација на сопствениците менаџери и нивната улога во развојот на туристичките дестинации.*

13. **Taskov, Nako** and Metodijeski, Dejan and Dzaleva, Tatjana and Filiposki, Oliver (2011) Turizmi rural, mundësia për zhvillim rural në Republikën e Maqedonisë. International Scientific Conference, "Fostering Development of Agriculture in Albania through Improved Employment of Agricultural Resources".

*Предмет на овој труд се регионите во Република Македонија каде што се развива рурален туризам. Во текстот е дадена дефиниција за руралниот туризам, претприемачите кои се занимаваат со рурален туризам во нашата земја се поделени по региони во кои дејствуваат и е прикажан нивниот придонес за руралниот развој. На крајот од трудот се донесени заклучоци и препораки за идниот развој на руралниот туризам кај нас.*

14. **Taskov, Nako** and Dzaleva, Tatjana (2011) Relationship between tourism policy, place image and business investments. Articles The Berlin International Economics Congress, March 2011, Berlin.

*Планот за развој со цел промоција на градот, како атрактивно место, е главна планирачка политика, за која се заинтересирани сите оние кои се вклучени во развојот на место кое се промовира. Постигнувањето на урбана регенерација зависи од создавањето на атрактивна и безбедна средина во рамките на градот, со користење на проекти. Ова им оди во корист на постојните жители и бизниси и привлекува нови инвестиции, особено во центарот на градот. Градовите трагаат по овие видови на туристички стратегии како начин да се добие конкурентна предност во глобалната и меѓусебно зависна економија. Во заемниот однос меѓу туризмот и меѓуградската конкуренција, глобализацијата дефинитивно влијае врз начинот на кој политиките за развој на туризмот се формулираат и се ставаат во пракса.*

15. Dimitrov, Nikola and **Taskov, Nako** and Metodijeski, Dejan (2011) Колекционерство - од хоби до професија, од приватност до туристичка понуда, од црн пазар до легална дејност. Service sector in terms of changing environment, Ohrid.

*Тематиката на овој труд е колекционерството кое од хоби може да се издигне до професија во улога за збогатување на туристичката понуда. Во трудот се дадени општите карактеристики, менаџментот, маркетингот и моменталната состојба на колекционерството во нашата земја. Трудот завршува со коментари, предлози и препораки за перспективите на колекционерството како нестопанска дејност која придонесува за развој на туризмот воопшто.*

16. **Taskov, Nako** and Dzaleva, Tatjana and Metodijeski, Dejan and Filiposki, Oliver (2011) Innovation at tourism business: challenges and creativity for development. Service sector in terms of changing environment, Ohrid.

*Туристичките организации работат во бизнис околина во која иновација е важна за опстанокот на претпријатијата. И покрај ова, постои очигледен недостаток на знаење поврзано со иновативните процеси во туризмот. Овој труд е комбинација на размислувања во врска со развојот на туризмот, кои можат да придонесат за промени во планирањето и управување на туризмот во дестинациите и употребата на различни критериуми за одржливост.*

17. Taleski, Petar and **Taskov, Nako** (2011) Insurance in Tourism Industry. XI International conference service sector in terms of changing environment, 27-29 October, 2011, Hotel Metropol, Ohrid.

*Прашањата околу трошоците и достапноста на осигурувањето, особено за туристичките оператори, станаа заеднички проблем за туристичката индустрија во Европската унија. Тие се особено проблематични во оние правосудства кои имаат голем број на екотуризам оператори. Главниот предизвик се чини дека е во врска со обезбедување на општа комерцијална ликвидна покриеност и / или добивање на таква покриеност на трошочно ефикасен начин.Еден од проблемите е тоа што туристичката индустрија не ја разбира индустријата на осигурување, и обратно. Како одговор на оваа ситуација, институциите на ЕУ создадоа серија на публикации кои ги обработуваат областите управување со ризик и осигурување.Друга важна работа е како да се направи компаративна анализа на законите во туризмот и адаптација на туристичките производи во туризмот (несреќи, третман и медицински транспортните трошоци, должности за надомест во однос на граѓанска одговорност).*

18. **Taskov, Nako** and Metodijeski, Dejan and Dzaleva, Tatjana and Filiposki, Oliver (2011) Thermal-spa tourism in Republic of Macedonia. Challenges and performance of post socialist tourism in Central Eastern European Countries, 2011, Bucharest, Romania.

*Во овој труд се прави осврт на термалниот туризам во нашата земја.Дадени се статистички показатели за бројот на туристите и остварените ноќевања и направен е профил на бањските туристи. Дадени се препораки за понатамошниот развој на термалниот туризам кај нас.*

19. **Taskov, Nako** and Dzaleva, Tatjana and Metodijeski, Dejan (2011) Tourism Policy, Place Image and Planning for Investments. Contemporary Trendsin in Tourism and Hospitality, Novi Sad, Serbia.

*Промоцијата на градовите и постигнувањето урбана регенерација е зависна од создавање на атрактивна и безбедна средина во рамките на градот, со користење на проекти од висок профил. Предмет на овој труд се градовите кои прифаќаат стратегии за развој на туризмот како алатка за да се здобијат со конкурентни предност во глобалната и меѓусебно зависна економија. Во заемен однос меѓу туризмот и меѓуградска конкуренција, глобализацијата дефинитивно влијае на начинот на кој политики за туризам се формулирани и го стави во пракса.Дестинации (во овој случај, градови) се повеќе работат на создавањето и подигнувањето на нивниот имиџ со цел да се позиционираат и да бидат конкурентни во глобален контекст.*

20. **Taskov, Nako** and Dzaleva, Tatjana and Metodijeski, Dejan and Filiposki, Oliver (2011) Tourism policy and place image – challenges and performance. Challenges and performance of post socialist tourism in Central Eastern European Countries, Bucharest, Romania.

*Во трудот е опфатена промоцијата на дестинациите и привлекувањето на туристи, што претставува главен мотив при планирањето на политика, за која се заинтересирани сите оние кои се вклучени во развојот на место кое се промовира. Во текстот се прави посебен осврт на предизвиците и перформансите при промовирањето на дестинациите.*

21. **Taskov, Nako and Dzaleva, Tatjana and Metodijeski, Dejan (2011) Marketing of tourism business and utilization of the Internet.Univerzitet u Beogradu, Tehnički fakultet u Boru, Zajecar,** Srbija.

*Предмет на овој труд се потенцијалните придобивки од користењето на интернетот како маркетинг алатка во туристичката индустрија. Овие придобивки вклучуваат заштеда на трошоци, брзина, достапност, комуникација со големи количини на информации, погодности за клиентите, подобрување на врските со клиентите, подобрување на целните пазари и глобален пристап на пазарот за малите туристички бизниси.*

22. Radojevic, Ivana D. and Stanovic, M.S and Stefanovic, Olgica D. and Comic, Liljana R. and Topuzovic, Marina D. and Vasic, S. and Kuzelov, Aco and **Taskov, N** and Naseva, Dijana and Tepic, Aleksandra and Sumic, Z. and Irsevic, Renata (2011) Antibacterial activity of Ethyl Acetate extract from Sideritis montana L.Species. Zbornik Radova, XVI Savetovanje o Biotehnologiju, 16(18) (8). pp. 550-557.

*Антибактериска активност на Sideritis Montana L беше одделен со етил ацетат извадок од целото растение. Sideritis Montana L (Lamiaceae) е годишен вид со ниска гранка до 40 см височина. Населува песок, суви ливади и карпести региони во Европа и на Медитеранот. Sideritis Montana беа собрани во јули 2008 година, од регионот на Сува Планина во источна Србија. Антимикробно дејство на екстрактот беше тестиран од страна microdilution метод и минималните инхибиторни (МИЦ) и микробицидна концентрации (МБЦ) беа решени. Тестираните екстракти покажа значителни антибактериска активност против видовите од родот Bacillus (MLC 0,625 mg / ml, МБЦ 1,25 mg / ml) и Staphylococcus aureus (МИЦ 1,25 mg / ml, МБЦ 5 mg / ml), додека покажа умерена и ограничени антибактериска активност против патогени Escherichia coli, Pseudomonas aeruginosa, Enterococus faecalis, Proteus mirabilis и Salmonella enterica.*

23. Kuzelov, Aco and **Taskov, N** and Angelkova, Tanja and Atanasova, Elena and Mladenov, M (2011) Impact of Live Weight on the Quality of Pigs Halves and Meat of the Large White Breed. In: Biotechnology in Animal Husbandry.

*Во овој труд е направено истражување на свинско месо и тоа на месо од 12 свињи раса јоркшир кои се гојат приближно 125 кг (група А) и 12 свињи од истата раса кои се гојат приближно 108 кг (група Б). Свињи биле чувани во полуотворен систем, со исто домување и хранење. Квалитетот на месото е утврден врз примерок од M.longissimus dorsi, земени помеѓу 13 и 14 ребро. Свињи со повисока телесна маса (125,22 кг) имале различни конформација и состав во споредба со свињи со пониски телесна маса (108,52 кг). Содржината на месо во трупови била речиси еднакви (47,04% и 47,20%) и во двете анализирани групи на свињи. Во квалитетот на месото немало значителни разлики (p> 0.05).*

24. **Taskov, Nako** and Dimitrov, Nikola and Metodijeski, Dejan (2010) Националната гастрономија како дел од туристичката понуда во Република Македонија. Меѓународен симпозиум за етнологија, Македонско етнолошко друштво, Штип.

*Во овој труд е потенцирана улогата која ја има националната гастрономија како составен дел од туристичката понуда на Република Македонија. Гастрономијата се разгледува како дел од материјалната култура, дел од културното наследство. Во тој контекст се наведени неколку примери на влијанија од други народи врз карактерот на националната кујна. Опфатени се и организацијата и карактеристиките на послужувањето ва националните ресторани како понуда на гастрономското наследство и посочени се неколку примери на вакви ресторани.*

25. **Taskov, Nako** and Metodijeski, Dejan (2010) Партизанский маркетинг - мощное орудие креативных лидеров. Problems and Prospects of Economy Innovative Development, November 11-14, 2010, Uman, Ukraine.

*Во овој текст се обработува герила маркетингот и можностите за неговото користење во рекламата на хотелите. Во трудот се посочени примери на неколку хотели кои се послужиле со овој вид на маркетинг. Целта на трудот е да укаже на тоа дека повеќе хотели од хотелскиот бизнис, пред сè, оние кои имаат ограничен буџет за маркетинг, треба почесто да користат креативни, лесни и евтини стратегии кои ќе донесат профит.*

26. **Taskov, Nako** and Metodijeski, Dejan (2010) Биолошката разновидност како мотив за привлекување на туристи во бањските центри во Република Македонија. Општина Ќустендил, Свечено празнување на меѓународниот ден на туризмот 25-26.09.2010, “Туризам и биодиверзитет”.

*Предмет на овој труд е улогата која ја имаат природните ресурси, поточно растителниот и животинскиот свет за привлекување на туристи во бањските центри во Република Македонија. Направен е преглед на бањските центри, лековитоста на нивните води како основен мотив за посета од страна на туристите и биолошката разновидност како дополнителен мотив. Презентирани се дел од истражувањата во однос на искористеноста на природните вредности на бањите од страна на посетителите. Разгледани се факторите за загадување на животната средина во бањските центри и мерките за нејзина заштита.*

27. **Taskov, Nako** and Metodijeski, Dejan and Saneva, Dusica (2010) Туризмот – можност за развој на градовите. IV Конгрес на географите на Република Македонија.

*Во овој труд е опфатен туризмот кој се одвива во градските средини. Во првиот дел на трудот се разгледани дефиниции од различни автори за градскиот туризам и се претставени најпосетуваните градови во светот. Во вториот дел се опфатени креативните градови и креативните индустрии како мотив за привлекување на туристи. Во третиот дел се посочени манифестации кои се одржуваат во градовите, а одат во прилог на развојот на туризмот.*

28. **Taskov, Nako** and Metodijeski, Dejan (2010) Higher education in tourism, hospitality, and gastronomy: an answer to the need for professional staff in this area in the Republic of Macedonia. The EDUTOUR conference.

*Предмет на овој труд е туризмот и улогата која ја имаат високообразовните институции во оформувањето на стручен кадар од областа на туризмот, угостителството и гастрономијата во Република Македонија. За таа цел образложена е потребата од високообразовни институции од областа на туризмот и направен е преглед на универзитетите во нашата земја во чиишто рамки функционираат факултети за туризам, угостителство и гастрономија.*

29. **Taskov, Nako** and Metodijeski, Dejan (2009) Спортскиот туризам во Штип - можности и перспективи. Predizvici i perspektivi vo turizmot i menadzmentot.

*Потенцијалот со кој располага градот Штип за развој на спортскиот туризам се предмет на истражување на овој труд. На прво место се разгледани карактеристиките на спортскиот туризам на светско ниво. Потоа ќе биде посочен сегашниот степен на развој на ваквиот вид туризам во градот Штип. Во последниот дел од трудот се направени препораки за перспективите и понатамошниот развој на спортскиот туризам.*

30. **Taskov, Nako** (2009) Теоријата на хаосот како можност за разбирање на MICE во време на криза. X International Conference - “The influence of global economic recesion on tourism”.

*MICE (средби, инсентиви, конвенции и саеми) има генерирано големи приходи во странската размена за светската економија. Во Македонија MICE туристите се препознатливи како квалитетни и чести гости главно заради нивните финансиски потенцијали. Имајќи го тоа предвид, македонскиот MICE сектор беше инфициран со многубројни кризни ситуации особено по кризата која ја зафати светската економија. Како последица, професионалците во MICE секторот мора да бидат подготвени на таков комплексен феномен од криза која можеби може да потрае и во иднина. Додека голем број истражувачи ја истражуваат комплексноста на кризата во туристички контекст, има еден мал фокус на такви теми во овој сектор. Како што теоријата на хаосот овозможува добар модел за кризни ситуации, тоа е и целта на овој труд, да предложи модел базиран на хаос теоријата за подобро разбирање на комплексните и хаотични системи на MICE секторот во време на криза.*

***Книги***

31. **Ташков, Нако** и Вељанов, Трајан (2009) Технологија на послужувањето. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

*Учебникот „Технологија на послужувањето" е изработен според изработената наставна програма и е наменет за студентите при Факултетот за туризам и бизнис логистика во Република Македонија. Во својата содржина учебникот по предметот Технологија на послужувањето го опфаќа следново: простории во кои се врши послужувањето; видови на угостителски објекти во кои се врши послужување на храна и пијалаци; стручен персонал за послужување; опрема и инвентар за послужување; карти за избор на услугите во послужувањето; запознавање со пијалаците и начинот на послужување; ресторанско послужување на јадења, супи и чорби; послужување на вино и дегустација; пречекување, сместување и испраќање на гостите; организациони системи и начини на послужување; дневни оброци; свечени приеми во угостителството; банкет (свечен ручек-вечера), коктел партија, ладно бифе, чајанка, банкет од протоколарен карактер, пикник, гарден партија, интимна и доцна вечера; довршување-подготвување јадења пред гостите (фламбирање), во еден дел е опфатено и барменството итн.*

32. **Ташков, Нако** (2004) Туристичките вредности на бањите во Република Македонија. Македонска туристичка заедница, Скопје. ISBN 9989-57-254-2.

*Во Република Македонија постојат многу ладни и термички минерални води, кои претставуваат мошне големо природно богатство. Богатството со термички лековити води е резултат на геотектонската и геолошката структура на старата Родопска маса која била пренасочувана со многубројни потреси во разни насоки. Тие условиле создавање на повеќе езерски базени, а наедно предизвикале и голема вулканска активност. Се смета дека во Македонија постојат повеќе од 30 подрачни извори на карбонатни кисели води од вулканско потекло. Многубројните термички и минерални води претставуваат големо природно богатство во Македонија, а особено во поглед на лекувалиштата и воопшто за развојот на здравствениот туризам. За да се утврди зошто се привлечни бањите во Република Македонија, каков е квалитетот на туристичкиот простор и каква е нивната атрактивност, секоја бања ќе биде посебно разгледана и анализирана.*

33. **Ташков, Нако** (2000) Готварство. Работнички универзитет - Неготино, Скопје. ISBN 9989-736-31-6.

*Учебникот е изработен според наставната програма по предметот Готварство наменет за возрасни ученици во народните работнички универзитети. По својата содржина учебникот опфаќа два дела; Вовед и приготвување на јадења. Воведот содржи целина за угостителското готварство, угостителски кујни, намирници и нивна подготовка за приготвување на јадења. Вториот дел на учебникот - припремање на јадења - е заокружена целина која ги опфаќа следните целини: Ладни предјадења, Супи и Чорби, Топли предјадења, Сосови, Јадења од риба, Готвени јадења, Национални јадења, Јадења по нарачка, Специјалитети на скара и Вегетаријанска исхрана.*

***Скрипти и практикуми***

34. **Ташков, Нако** и Методијески, Дејан (2012) Скрипта по хотелиерство. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-4504-74-0.

*Скриптата по Хотелиерство е наменета за потребите на студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика за подготвување на испитот по предметот Хотелиерство. Содржината на скриптата ја опфаќа потребната материја за предавањата по предметот Хотелиерство, според Наставната програма на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Скриптата можат да ја користат сите студенти на останатите факултети каде што се изучува предметот Хотелиерство, но и останатите стручни кадри кои ја проучуваат оваа проблематика.*

35. **Ташков, Нако** и Методијески, Дејан (2011) Практикум по термален туризам. Универзитет „Гоце Делчев", Штип. ISBN 978-608-4504-39-9.

*Практикумот по Термален туризам е наменет за потребите на студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика за изготвување на вежбите и подготвување*

*на испитот по предметот Термален туризам. Содржината на практикумот ја опфаќа потребната материја за вежбите по предметот Термален туризам, според наставната програма на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Практикумот е изготвен со цел да се унапреди наставата по предметот Бањски туризам и да се подобри квалитетот на знаењето на студентите.*

36. **Ташков, Нако** и Кузелов, Ацо (2011) Познавање на стоката. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. ISBN 978-608-4504-73-3.

*Учебникот е изработен според наставната програма по предметот Познавање на стоката. Во својата содржина учебникот го опфаќа следново: познавање на стоката и технологија, основи на науката за исхрана (броматологија), животни намирници од растително потекло (жита и производи од жита, производи од шеќерна репка, зеленчук и преработки од зеленчук, овошје и овошни преработки, средства за уживање (зачини, алкохолни и безалкохолни пијалаци), животни намирници од анимално потекло (месо и производи од месо, млеко и производи од млеко, јајца и производи од јајца).*

***Рецензент за избор на наставници и соработници***

– Рецензент за избор на помлад асистент за наставно-научната област туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика, Одлука бр. 2602-58/7 од 25.6.2009 г. Решение бр. 2602-58/8 од 25.6.2009 г.
– Рецензент за избор на наставник за наставно-научната област трговско право на Факултет за туризам и бизнис логистика, Одлука бр. 2602-58/3 од 25.6.2009 г. Решение бр. 2602-58/4 од 25.6.2009 г.
– Рецензент за избор на наставник за наставно-научната област економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика, Одлука бр. 2602-58/5 од 25.6.2009 г. Решение бр. 2602-58/6 од 25.6.2009 г.
– Рецензент за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика, Одлука бр. 2602-68/3 од 17.5.2010 г. Решение бр. 2602-68/4 од 17.05.2010 г.
– Рецензент за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика, Одлука бр. 2602-77/3 од 29.6.2010 г. Решение бр. 2602-77/5 од 29.6.2010 г.
– Рецензент за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика, Одлука бр. 2602-77/7 од 29.6.2010 г. Решение бр. 2602-77/8 од 29.6.2010 г.
– Рецензент за избор на наставник за наставно-научната област географија на Факултет за туризам и бизнис логистика, Одлука бр. 2602-77/3 од 29.6.2010 г. Решение бр. 2602-68/14 од 17.5.2010 г.
– Рецензент за избор на наставник во сите звања за наставно-научното подрачје манаџмент на Факултет за туризам и бизнис логистика, Одлука бр. 2602-59/3 од 11.4.2011 г. Решение бр. 2602-59/6 од 11.4.2011 г.
– Рецензент за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното подрачје туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика, Одлука бр. 2602-66/7 од 18.4.2011 г. Решение бр. 2602-66/23 од 18.4.2011 г.
– Рецензент за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното подрачје туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика, Одлука бр. 2602-66/6 од 18.4.2011 г. Решение бр. 2602-66/19 од 18.4.2011 г.
– Рецензент за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното подрачје економски науки и менаџмент на Факултет за туризам и бизнис логистика, Одлука бр. 2602-66/4 од 18.4.2011 г. Решение бр. 2602-66/4 од 18.4.2011 г.
– Рецензент за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика, Одлука бр. 2602-69/5 од 26.4.2011 г. Решение бр. 2602-69/7 од 26.4.2011 г.
– Рецензент за избор на асистент за наставно-научното подрачје туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика, Одлука бр. 2602-69/3 од 26.4.2011 г. Решение бр. 2602-69/12 од 26.4.2011 г.

- Рецензент за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област бизнис менаџмент на Факултет за туризам и бизнис логистика, Одлука бр. 2602-224/6 од 3.10.2011 г. Решение бр. 2602-186/19 од 7.9.2011 г.
- Рецензент за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област бизнис менаџмент на Факултет за туризам и бизнис логистика, Одлука бр. 2602-186/4 од 7.9.2011 г. Решение бр. 2603-238/1 од 17.10.2011 г.
- Рецензент за избор на соработник во соработничко звање асистент за наставно-научната област хотелиерство на Факултет за туризам и бизнис логистика, Одлука бр. 2602-224/7 од 3.10.2011 г. Решение бр. 2603-243/1 од 17.10.2011 г.
- Рецензент за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област применета економија на Факултет за туризам и бизнис логистика, Одлука бр. 2602-342/4 од 20.4.2012 г. Решение бр. 2603-344/3 од 20.4.2012 г.
- Рецензент за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент/асистент за научната област претприемништво на Факултет за туризам и бизнис логистика, Одлука бр. 2602-639/3 од 6.9.2012 г. Решение бр. 2603-646/3 од 10.5.2012 г.

Кандидатот во стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност зема активно учество во седниците на Научно-наставничкиот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Кандидатот го говори германскиот јазик, а има и солидни познавања од романскиот јазик.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од извештајот и приложените документи се гледа дека кандидатката д-р Весна Танчева не ги исполнува условите за избор на еден наставник во наставно-научно звање вонреден професор од наставно-научната област економика и организација на туризмот, согласно со чл. 9 на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (Објавен во „Универзитетски гласник“ бр. 26 од 2.1.2013 г.).

Кандидатот **д-р Нако Ташков** ги исполнува сите суштински и законски критериуми, како и критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, согласно со горецитираниот Правилник за да биде избран за наставник во наставно научно звање вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. Кандидатот има наставно искуство, соодветно образование, многубројни учества во проекти, научноистражувачки трудови и книги, работилници и др.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да **го избере д-р Нако Ташков за наставник во наставно-научно звање вонреден професор од наставно-научната област економика и организација на туризмот на** Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Марија Ацковска, вонреден професор,претседател, с.р.**
**Д-р Неда Петроска Ангеловска, вонреден професор, член, с.р.**
**Д-р Науме Мариноски, редовен професор – член, с.р.**

## П Р И Л О Г

## Табела за вреднување на активностите на д-р Нако Ташков, доцент, во реизборен период 2013 година, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип

| Ред. број | Вид активност | Број | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | во земјава | во странство | |
| Наставно - образовна дејност (НО) | | | | | |
| 1. | Позитивно рецензирана скрипта од предавања (бр.34, 36) | 2*8 | 16 | | 16 |
| 2. | Интерна скрипта и практикум | 1*8 | 8 | | 8 |
| 3. | Интерни скрипти од предавања | 4*4 | 16 | | 16 |
| 4. | Рецензент на учебник, скрипта и сл. | 10*1 | 10 | | 10 |
| 5. | Научнопопуларна статија во весник, учество во образовна РТВ програма | 10*0,5 | 5 | | 5 |
| 6. | Ментор на одбранета дипломска работа (максимум 7) | 7*1 | 7 | | 7 |
| 7. | Член на комисија за одбрана на докторат | 3*2 | 6 | | 6 |
| 8. | Член на комисија за одбрана на дипломска работа (максимум 7) | 7*1 | 7 | | 7 |
| 9. | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус студии) | | 50 | | 50 |
| 10. | Одржани предавања (или консултации) на втор циклус студии по одржан курс ФТБЛ | | 5,2 | | 5,2 |
| 11. | Рецензент на соработници и наставници | 18*1 | 18 | | 18 |
| 12. | Воведување на нов специјален (стручен) наставен предмет | 10*3 | 30 | | 30 |
| 13. | Член на комисија на ученички или студентски натпревари | 4*0,5 | 2 | | 2 |
| 14. | Раководител на студент или ученик во учество на студентски или ученички манифестации (натпревари) | 1*1 | 1 | 1*2 | 3 |
| 15 | Рецензент на труд од областа на наставно-образовната дејност (СЦИ/ЦА/останати) | 1*1 | 1 | | 1 |
| | Вкупно: | | 184,2 | | |

| Ред. број | Вид активност | Број | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | во земјава | во странство | |
| Научноистражувачка дејност (НИ) | | | | | |
| 1. | Монографија или научна книга (бр.31) | 1*10 | 10 | | 10 |
| 2. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 3*5 | 15 | | 15 |
| 3. | Претседател на организационен или научен одбор на научен собир | 1*1 | 1 | | 1 |
| 4. | Член на на организационен или научен одбор на научен собир | 1*1 | 1 | | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Награди-признанија за научни/уменички постигнувања, сценско-музички награди | 3*5 | 15 | | 15 |
| 6. | Студиски престој во странство | 2*8 | | 16 | 16 |
| | Вкупно: | | 58 | | |
| Ред. број | Вид активност | Број | Поени | | Вкупно |
| | | | во земјата | во странство | |
| Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (СА+ОР) | | | | | |
| 1. | Книга објавена во земјата и странство (бр.32, 33) | 2*10 | 20 | | 20 |
| 2. | Труд објавен во стручно (научно-популарно) списание (во земјата) (бр.5, 16, 17, 24, 29, 30) | 6*2 | 12 | | 12 |
| 3. | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (во земјата) (бр.1, 8, 27) | 3*3 | 9 | | 9 |
| 4. | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (во странство) (бр.2, 3, 4, 6, 7, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 25, 26, 28) | 21*3 | 63 | | 63 |
| 5. | Претседател на организационен или програмски одбор на стручен собир | 1*1 | 1 | | 1 |
| 6. | Учесник во научен проект | 1*5 | 5 | | 5 |
| 7. | Елаборати и експертизи | 5*2 | 10 | | 10 |
| 8. | Изготвување на извештаи од анализи | 10*0,2 | 2 | | 2 |
| 9. | Стручни награди, признанија, сертификати, благодарници и сл. | 3*4 | 12 | | 12 |
| 10. | Декан | 1*12 | 12 | | 12 |
| 11. | Член на факултетски орган/комисија | 4*2 | 8 | | 8 |
| 12. | Член на универзитески комисии | 3*5 | 15 | | 15 |
| 13. | Обука | 5*2 | 10 | | 10 |
| | Вкупно: | | 179 | | |
| | Вкупно: | | 421,2 | | |

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, кандидатот ги има остварено следните поени кои се однесуваат на целокупната активност (НО + НИ + СУ + САОР):

- наставно-образовна (НО) = 184,2
- научноистражувачка (НИ) и стручно-уметничка (СУ) = 58
- стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) = 179

ВКУПНО (НО+НИ+СУ+САОР)= 421,2 поени.